РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2202/2
21.12.2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 2 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава добиена од непознат подносител, на првото продолжение од 57-та седница одржано на 21.12.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата од непознат подносител доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-2202/1 од 21.06.2021 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема можност да обезбеди дополнителни информации за постапување по наводите во погоре наведената пријава.

Предметот со број 12-2202 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-2202/1 од 21.06.2021 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител.

Во пријавата е изнесено незадоволство од приватизација на граден објект во ///. Од ДКСК се бара да извади историјат за сопственост на тој граден објект. Докази кон пријавата не се доставени.

По разгледување на пријавата, ДКСК не утврди елементи за нејзино надлежно постапување, од причина што изнесените наводи во истата не даваат основ за поведување било каква постапка, за што ДКСК е надлежна согласно со одредбите од

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Оттаму, при состојба на работите кога предметот е формиран врз основа на добиена анонимна пријава, ДКСК оцени дека нема можност да обезбеди дополнителни информации за постапување по наводите во пријавата, истата да се отфрли и предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Архивата на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: м-р Ш. С.